**20150100168**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НАЦИОНАЛНИ ПАТИШТА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИПАТИШТА**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 јануари 2015 година година.

Бр. 08-287/1
16 јануари 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НАЦИОНАЛНИ ПАТИШТА, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

Член 1

Во Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Програмата за национални патишта, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта („Службен весник на Република Македонија“ број 178/14) по членот 5 се додава нов член 5-а, кој гласи:

„Член 5-а

Прометот на добра и услуги извршен кон Јавното претпријатие за државни патишта, наменети за реализација на Програмата за национални патишта, финансирана со Договорот за заем од членот 1 од овој закон е ослободен од данок на додадена вредност со право на одбивка на претходниот данок.

Увозот на добра/стоки од страна на Јавното претпријатие за државни патишта, наменети за реализација на Програмата за национални патишта финансирана со

Договорот за заем од член 1 од овој закон е ослободен од данок на додадена вредност и царински давачки, како и од акциза при увоз на патнички автомобили и минерални масла.

За прометот кој е извршен кон Јавното претпријатие за државни патишта, за цели на реализација на Програмата за национални патишта, финансирана со Договорот за заем од членот 1 од овој закон, за кој истиот е даночен должник согласно членот 32 точка 4 и членот 32-а од Законот за данокот на додадена вредност е ослободен од обврската да пресмета и плати данок на додадена вредност.

Даночниот обврзник кој врши промет е ослободен од данок на додадена вредност согласно ставот (1) на овој член, задолжително освен име (назив) на примателот на доброто или корисникот на услугата, во фактурата го наведува и називот на проектот и називот на Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Јавното претпријатие за државни патишта при увоз на добрата ослободени согласно ставот (2) на овој член, на надлежниот царински орган задолжително му доставува копија од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и изјава дека увезените добра/стоки се наменети за реализација на Програмата за национални патишта, финансирана со Договорот за заем од членот 1 од овој закон.”

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".